**Информации за обработка на лични податоци**
**при користење на апликацијата НЛБ мКлик Македонија**

**НЛБ Банка АД Скопје** овозможува користење на мобилната апликација НЛБ мКлик Македонија со цел обезбедување лесен, брз и безбеден пристап до услугите на електронско и мобилно банкарство.

Оваа Информации се однесуваат на обработката на личните податоци при користење на мобилната апликација НЛБ мКлик Македонија, која претставува услуга за мобилно банкарство за физичките лица. Апликацијата овозможува пристап до сметки и продукти, извршување на платежни трансакции, користење на P2P функционалности, добивање известувања, аплицирање за услуги, како и користење на други дигитални функционалности во рамки на деловниот однос кој Корисникот го има со Банката.

НЛБ Банка АД Скопје ги почитува и применува сите начела за заштита на личните податоци и Ве информира за следното:

1. **Основни податоци за контролорот на личните податоци**
    - **Контролор:** НЛБ Банка АД Скопје
    - Седиште: ул. Водњанска бр.1, Општина Центар, 1000 Скопје
    - Даночен број: 4030993191133
    - ЕМБС: 4664531
    - e-mail: info@nlb.mk
    - Телефон: 02 / 15 600
    - Веб страница: www.nlb.mk

**2. Цел и правен основ на обработката:**

- **Цели:**
    - воспоставување, извршување и управување со договорниот однос за користење на НЛБ мКлик;
    - обезбедување безбеден пристап и автентикација на Корисникот;
    - извршување на платежни трансакции и други банкарски операции;
    - користење на P2P функционалности („Плати на пријател“, „Подели сметка“);
    - испраќање нотификации и сервисни известувања;
    - спречување злоупотреби, измами и неовластен пристап;
    - обезбедување стабилност, сигурност и унапредување на функционалностите на апликацијата;
    - исполнување на законски и регулаторни обврски на Банката.

- **Правен основ:**

  Обработката на личните податоци се заснова на следните правни основи:

    - преземање на активности на барање на субјектот на личните податоци заради склучување и извршување на договор (член 10 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на личните податоци - ЗЗЛП);
    - исполнување на законска обврска на контролорот (член 10 став (1) алинеја 3 од ЗЗЛП), кога обработката е неопходна за спроведување на обврски и мерки кои произлегуваат од прописите за платежни услуги и платни системи, спречување измами, управување со ризици, финансиска регулатива и прописите за заштита на личните податоци;
    - легитимен интерес на Банката, особено за обезбедување на сигурноста на услугата, заштита на системите и спречување злоупотреби, при што секогаш се води сметка за правата и слободите на Корисникот, а сето ова согласно Законот за заштита на лични податоци;
    - изречна согласност, само кога истата е законски потребна (на пр. за одредени нефункционални или маркетинг активности).

**3. Категории на лични податоци:**

Во зависност од функционалностите кои ги користи Корисникот, Банката може да ги обработува следните лични категории на лични податоци:

- идентификациски податоци (име, презиме, ЕМБГ);
- контакт податоци (телефонски број, e-mail адреса);
- податоци за сметки, продукти и трансакции;
- податоци за автентикација и сигурност (PIN, сигурносни елементи);
- биометриски податоци исклучиво локално на уредот, доколку Корисникот ги активира (Банката нема пристап до биометриски шаблони и не врши обработка);
- технички податоци за уредот (тип, модел, оперативен систем, IP адреса);
- податоци за користење на апликацијата (логови, времетраење, функционалности);
- локациски податоци добиени преку IP адреса;
- податоци од контакт листата само доколку Корисникот ја активира P2P функционалноста.

При користење на P2P функционалностите („Плати на пријател", „Подели сметка") како идентификатор се користи телефонски број. На иницијаторот може да му се прикажат иницијали или име и презиме на примачот со цел спречување погрешно плаќање. Податоците се користат исклучиво за реализација на конкретната трансакција при што не се овозможува масовен увид или пребарување на податоци на други корисници.

**4. Корисници на личните податоци:**

Личните податоци ги обработуваат:

- овластени вработени во НЛБ Банка АД Скопје;
- договорни обработувачи (ИТ провајдери, даватели на техничка и инфраструктурна поддршка).

Во согласност со начелото на отчетност, Банката како одговорен контролор со сите обработувачи има склучени договори за обработка на лични податоци со кои се обезбедува ниво на заштита најмалку еднакво на она на Банката, а сето ова согласно Законот за заштита на личните податоци.

**5. Пренос на лични податоци**

Личните податоци може да бидат пренесени во земји членки на Европската Унија (ЕУ), за што НЛБ Банка АД Скопје како отчетен контролор претходно ја известува Агенцијата за заштита на личните податоци, а притоа продолжува да ги штити Вашите личните податоци со примена на соодветни заштитни мерки во согласност со прописите за заштита на личните податоци кои го уредуваат преносот на личните податоци.

Во случај да се јави потреба за пренос на личните податоци во други земји кои не се членки на ЕУ и ЕЕП, ние исто така обезбедуваме заштита на Вашите лични податоци преку доследно почитување и примена на соодветни заштитни мерки за заштита во однос на обработката во врска со преносот, а во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

**6. Колку долго ги чуваме Вашите податоци?**

Податоците кои се обработуваат за потребите на овој процес се чуваат онолку долго колку што е потребно за извршување на договорниот однос согласно законските рокови за чување, или до исполнување на целта на обработката. Притоа, податоците за користење на апликацијата се чуваат согласно начелата на минимизација и ограничување на рокот.

**7. Безбедност на податоците**

Банката применува современи технички и организациски мерки како што се на пример криптирање, обезбедување евиденција за активности (логирање), контроли на пристап, како и механизми за откривање измами и злоупотреби.

Со цел заштита на платежните услуги, апликацијата може да спроведува автоматизирани безбедносни проверки кои се извршуваат исклучиво локално на уредот на Корисникот.

Банката не прибира, не складира и не обработува податоци за инсталираните апликации на уредот, не добива информации за тоа која конкретна апликација е детектирана, добива исклучиво техничка информација дали се исполнети условите за безбедно користење на услугата.
Во случај на зголемен безбедносен ризик, Корисникот добива известување директно на уредот, без пренос на такви информации до Банката.
Корисникот е должен да го заштити својот уред и сигурносните елементи.

**8. Кои се Вашите права?**
Согласно Законот за заштита на личните податоци Вие имате право:
- Да бидете информирани за обработката на личните податоци;
- На пристап до личните податоци;
- На исправка и бришење на личните податоци;
- На ограничување на обработката на личните податоци;
- На приговор.

За дополнителни информации или остварување на Вашите права за заштита на личните податоци, можете да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци на:
e-mail: **dpo@nlb.mk**

**Поднесување на барање до Агенцијата за заштита на личните податоци**
Државен орган, кој е надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на личните податоци е Агенцијата за заштита на личните податоци – www.azlp.mk.
Доколку сметате дека обработката која ја вршиме на Вашите лични податоци ги прекршува прописите за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци.

За повеќе информации за обработката на Вашите лични податоци која ја вршиме Ве упатуваме на нашата Политика за приватност Достапна на официјалната веб-страница на Банката.